ТАБЕЛАРНИ ПРЕСМЕТУВАЊА

НОВА ТЕМА



Во оваа тема ќе научиме:

- креираме табели
- ги уредуваме
- вршиме пресметки
- креираме графикони
- сортираме податоци
- филтрираме податоци

Каде во секојдневниот живот сте виделе табела?

→ оценки · распоред · ценовник · календар

ШТО Е ПРОГРАМА ЗА ТАБЕЛАРНИ ПРЕСМЕТУВАЊА?

Програма за табеларни пресметувања е програма што овозможува внесување, организирање, обработка и пресметување податоци во табели.



На пример: Microsoft Excel

Во неа можеме да работиме со:

- текст
- броеви
- датуми
- формули
- графикони

ВАЖНО: Не служи само за цртање табели — може автоматски да пресметува и обработува податоци.

КАКО ИЗГЛЕДА РАБОТНИОТ ПРОСТОР?



КОЛОНИ (COLUMNS)

означени со букви: A, B, C, D...



	A	B	C	D
1				
2				
3				
4				
5				

РЕДОВИ (ROWS)

означени со броеви: 1, 2, 3, 4...

КЛЕТКА (CELL)

местото каде што се сечат ред и колона.

ШТО Е КЛЕТКА (CELL)?





Клетка е полето што се добива со пресек на еден ред (row) и една колона (column).

Секоја клетка има своја адреса.

	A	B	C	D
1				
2				
3				
4				

→ **B3**

- **B** → колона B (column B)
- **3** → ред 3 (row 3)



ЗАПОМНИ: Прво се пишува буквата на колоната, потоа бројот на редот.

ПОГОДИ ЈА КЛЕТКАТА

Интерактивна вежба: Одговори на прашањата и провери го решението!

1 Колона C + ред 5 = ?

C + 5 → **C5**

2 Колона A + ред 8 = ?

A + 8 → **A8**



3 Клетката D4 се наоѓа во која колона?

D4 → **D**

4 Во кој ред?

D4 → **4**



ШТО Е ТАБЕЛА?

Табела е организиран приказ на податоци распоредени во редови **(rows)** и колони **(columns)**.



Име	Предмет	Оценка
Ана	Информатика	5
Марко	Информатика	4
Елена	Информатика	5



Што претставува една колона? → **Еден вид податок**

Што претставува еден ред? → **Податоци за една личност / запис**

ШТО МОЖЕМЕ ДА ВНЕСЕМЕ ВО КЛЕТКА (CELL)?



ТЕКСТ —

Ана



БРОЈ —

25



ДАТУМ —

06.11.2026



ПОДОЦНА ЌЕ УЧИМЕ:

ФОРМУЛИ —

=A1+B1



Кога ќе дојдеме до формулите, компјутерот ќе пресметува наместо нас.

КАКО ВНЕСУВАМЕ ПОДАТОК?

1. Кликни на клетката.



2. Напиши податок.



3. Притисни Enter.





Tab → преминување во следна клетка надесно.

? Ако внесам 100 во B3, каде е зачувана вредноста? → **Во клетката B3.**

ГОЛЕМИНА НА КОЛОНИ (COLUMNS) И РЕДОВИ (ROWS)

Понекогаш текстот не се собира.

Ширина на колона (column width)



Проширување на колона

Стеснување на колона

Висина на ред (row height)



Зголемување на висина на ред

Намалување на висина на ред

Во Excel можеме да ја менуваме големината на колоните и редовите за податоците да бидат читливи.

УРЕДУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ

Исто како во Word, можеме да менуваме:

- **Font** → фонт
- **Font Size** → големина
- **Text Color** → боја на текст
- **Bold** → задебелен текст
- **Italic** → накосен текст
- **Underline** → подвлечен текст



Што би било добро да направиме со насловите на колоните?

→ На пример **Bold.**

ПОРАМНУВАЊЕ ВО КЛЕТКА
(Alignment)

Порамнувањето (Alignment) го одредува местото на податокот во клетката.

Хоризонтално порамнување
(Horizontal Alignment)



Лево
(Left)

Текст



Центрирано
(Center)

Текст



Десно
(Right)

Текст

Вертикално порамнување
(Vertical Alignment)



Горе
(Top)

Текст



Средина
(Middle)

Текст



Долу
(Bottom)

Текст

ВАЖНО!

Порамнувањето ја менува положбата на содржината во клетката.
Не ја менува самата вредност.

Информатика
7 одделение

Слајд 12 — БОЈА И РАМКИ

Форматирање во табеларни пресметки

Форматирањето значи да ја уредиме (прилагодиме) табелата за да биде поубава, појасна и полесна за читање.

За табелата да биде појасна можеме да користиме:



Fill Color

боја на клетката



Borders

линии/рамки околу клетките

	A	B	C
1	**Ученик**	**Информатика**	**Математика**
2	Ана	5	4
3	Борис	4	5
4	Марија	5	5

Пример: Насловниот ред може да има:

Bold + **боја** + **рамки**

Целта е табелата да биде читлива, не што пошарена.

ВАЖНО ЗА ТЕСТ

ТАБЕЛА (Table)

Табела е организиран приказ на податоци распоредени во редови и колони.

РЕД (Row)

Ред е хоризонтален дел од табелата и е означен со број.

КОЛОНА (Column)

Колона е вертикален дел од табелата и е означена со буква.

КЛЕТКА (Cell)

Клетка е полето што се добива со пресек на еден ред и една колона.



Адресата на клетката се запишува со буквата на колоната и бројот на редот, на пример B3.



БРЗ КВИЗ

Провери го своето знаење!

1 Како се означуваат колоните?

A	B	C

A) Само со броеви

B) Со букви

C) Со симболи

2 Како се означуваат редовите?

1		
2		
3		

A) Со броеви

B) Со букви

C) Со бои

3 Како се вика пресекот на ред и колона?

	A	B	C
1			
2			
3			

A) Табела

B) Работен лист

C) Клетка

4 Која е адресата на клетката во колона D и ред 6?

		D	
6			

A) 6D

B) D6

C) DD6

5 Што прави Fill Color?



A) Ја брише клетката

B) Ја менува бојата на подлопата на клетката

C) Создава формула

